РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА ПЕХЧЕВО
Бр 01-127/2
06.02.2026 год
ПЕХЧЕВО

# ИЗВЕШТАЈ ЗА РЕАЛИЗИРАНИТЕ АКТИНОСТИ ОД ПРОГРАМАТА ЗА ПРЕВЕНЦИЈА НА ДЕТСКО ПРЕСТАПНИШТВО ЗА 2025 ГОДИНА

**Државен совет за превенција на детско престапништво**

**Февруари, 2026 година**

## ВОВЕД

Овој извештај ја прикажува реализацијата и резултатите од Програмата за превенција на детско престапништво – 2025 година, чија цел е намалување на ризичните однесувања кај децата и младите, како и зајакнување на нивните социјални, емоционални и образовни капацитети. Програмата е насочена кон рана превенција, поддршка на децата во ризик и унапредување на соработката меѓу семејството, училиштето и локалната заедница.

Во извештајот се опфатени активностите реализирани во текот на програмскиот период, методите на работа, постигнатите резултати и предизвиците со кои се соочивме при имплементацијата. Исто така, се даваат препораки за понатамошно унапредување на превентивните активности со цел создавање побезбедна и поддржувачка средина за децата.

## РЕАЛИЗИРАНИ АКТИВНОСТИ ОД ПРОГРАМАТА ЗА РАБОТА НА СОВЕТОТ ЗА ПРЕВЕНЦИЈА НА ДЕТСКО ПРЕСТАПНИШТВО ЗА 2025 ГОДИНА

| Реден број | Опис на активноста | Корисници | Реализирани средства | Забелешка |
|---|---|---|---|---|
| 1. | Едукација преку предавање за насилна комуникација и заштита на лични податоци на интернет 15.04.2025 година | Учениците од ООУ „Ванчо Китанов“ – Пехчево од 8 и 9 одделение | 0 денари | Активноста е спроведена од претставници од Полициската станица од општа надлежност - Берово |
| 2. | Едукација за жртви на трговија со деца 10.04.2025 година | Учениците од ООУ „Ванчо Китанов“ – ПУ село Црник, Пехчево од 7,8,9 одделение | 0 денари | Активноста е спроведена од претставници од Полициската станица од општа надлежност - Берово |
| 3. | Едукација преку предавање за болестите на зависност 24 и 26.11.2025 година | Учениците од ООУ „Ванчо Китанов“ – Пехчево од 7 и 8 одделение | 0 денари | Активноста е спроведена од стручните служби - психолог Ивана Крчева од ООУ „Ванчо |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | | | Китанов“ – Пехчево во просториите на училиштето |
| 4. | Предавање на тема „Насилство врз младите“ 28.11.2025 година | Учениците од ООУ „Ванчо Китанов“ – Пехчево од 8 одделение | 0 денари | Активноста е спроведена од стручните служби - психолог Ивана Крчева од ООУ „Ванчо Китанов“ – Пехчево во просториите на училиштето во соработка со претатавници од Полициската станица од општа наделжност - Берово |
| 5. | Едукативна работилница на тема „Врсничко насилство – психолошко насилство“ | Учениците од ООУ „Ванчо Китанов“ – Пехчево од 3 одделение и учениците од ООУ „Ванчо Китанов“ – ПУ село Црник од 2 и 3 одделение | 0 денари | Активноста е спроведена од стручните служби - психолог Ивана Крчева од |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | 3.10.2025 година и 17.10.2025 година | | | ООУ „Ванчо Китанов“ – Пехчево во просториите на училиштето |
| 6. | Предавање на тема „Емоции – пријатели и непријатели“ 21.10.2025 година | Учениците од ООУ „Ванчо Китанов“ – село Црник, Пехчево од 7 одделение | 0 денари | Активноста е спроведена од стручните служби - психолог Ивана Крчева од ООУ „Ванчо Китанов“ – Пехчево во просториите на училиштето |
| 7. | Работилница на тема „Јас чувствувам“ 24.09.2025година 25.09.2025 година 29.09.2025 година | Учениците од ООУ „Ванчо Китанов“ – Пехчево од 1 одделение и учениците од ООУ „Ванчо Китанов“ – ПУ село Робово, Пехчево од 1,2,5 одделение | 0 денари | Активноста е спроведена од стручните служби - психолог Ивана Крчева од ООУ „Ванчо Китанов“ – Пехчево во просториите на училиштето |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 8. | Болести на зависност – хемиска зависност и бихејвиорална зависност 18.12.2025 година 25.12.2025 година | Учениците од ООУ „Ванчо Китанов“ – Пехчево од 9 одделение | 0 денари | Активноста е спроведена од стручните служби - психолог Ивана Крчева од ООУ „Ванчо Китанов“ – Пехчево во просториите на училиштето |
| **ВКУПНО:** | | | **0 денари** | |

## ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

Согласно Програмата за работа на Советот за превенција на детско престапништво на Општина Пехчево за 2025 година од страна на членовите на советот, односно од страна на Општина Пехчево, Полициската станица од општа надлежност – Берово и ООУ „Ванчо Китанов" – Пехчево, успешно беа реализирани горенаведените активности.

Првата активност **„Едукација преку предавање за насилна комуникација и заштита на лични податоци на интернет"** беше реализирана на 15.04.2025 година.Таа беше наменета за учениците од 8 и 9 одделение од ООУ „Ванчо Китанов" – Пехчево во просториите на училиштето, а беше спроведена од страна на претставници од Полициската станица од општа надлежност - Берово, во организација на Општина Пехчево.

Активноста **„Едукација за жртви на трговија со деца"** беше одржана на ден 10.04.2025 година, исто реализирана во просториите на училиштетот „Ванчо Китанов", но во село Црник и реализирана пред учениците од 7,8,9 одделение, Активноста беше спроведена од страна на Помошник командир на Полициска станица од општа надлежнст – Берово, Елена Спасевска, УПС од ПС за ГП и ГН Делчево, Ивица Ѓорѓиев и Антон Ратков и ООУ „Ванчо Китанов" – Пехчево, психолог, Ивана Крчева, во организација на Општина Пехчево. Предавањето беше реализирано преку разговори, дискусии, при што учениците беа запознаени за причините, ризикот од трговијата со луѓе, а пред се деца и превенција од истата.

Наредната активност односно предавање беше на тема **„Болести на зависност"**, реализирана од страна на стручниот соработник – психолог во ООУ „Ванчо Китанов" – Пехчево, Ивана Крчева, во ООУ „Ванчо Китанов" – Пехчево за учениците од 7 и 8 одделение на 24.11.2025 година и 26.11.2025 година, додека активнста **„Насилство меѓу младите и решавање на конфликти"**, која беше реализирана на 28.11.2025 година, беше наменета за учениците само од 8 одделение. За овие две активности учениците беа отворени за разговор и соработка со психологот и сите беа вклучени во активноста и споделуваа свои мислења и искуства. Активноста **„Насилство меѓу младите и решавање на конфликти"** беше реализирана во соработка со претставници од Полициската станица од општа надлежност – Берово.

Едукативното предавање на тема **„Врсничко насилство – психолошко насилство"** беше одржано на ден 03.10.2025 година и на 174.10.2025 година кај учениците од 3 одделение од ООУ „Ванчо Китанов"- Пехчево и кај учениците од 2 и 3 одделение од ООУ „Ванчо Китанов" – село Црник, Пехчево. Оваа предавање беше спроведено исто така од стручен соработник – психолог Ивана Крчева во соработка со Општина Пехчево. На ова едукативно предавање присуствуваа 26 ученика и сите разговараа и соработуваа отворено и споделуваа свои мислења и искуства.

На темата **„Емоции – пријатели или непријатели"** психолот Ивана Крчева разговараше со учениците од 7 одделение од Општинското основно училиште „Ванчо Китанов" – село Црник, Пехчево и оваа активност беше реализирана на 21.10.2025 година со вкупно 8 ученика.

На темата **„Јас чувствувам..."** беше разговарано со учениците од 1 и 2 одделение од ООУ „Ванчо Китанов" – Пехчево и со учениците од 1, 2 и 5 одделени од ООУ „Ванчо Китанов" – село Робово, Пехчево (комбинирана паралелка). Предавањето беше реализирано до страна на сручниот соработник – психолог Ивана Крчева на 24.09.2025 година, 25.09.2025 година и 29.09.2025 година во просториите на основното училиште.

Едукативното предавање **„Болести на зависност – химиска зависност и бихејвиорална зависност“** беше одржано на учениците од 9 одделение од ООУ „Ванчо Китанов“- Пехчево од страна на психолот Ивана Крчева на 18.12.2025 година и на 25.12.2025 година. На ова едикативно предавање учествуваа вкупно 44 ученика и сите беа активно вклучени во дискусијата.

Дел од горенаведените активности не беа предвидени во Програмата за превенција на детско престапништво на Општина Пехчево за 2025 година, но истите се реализирани согласно потребите детектирани од страна на стручните служби во училиштето. За реслизирање на горенаведента програма беа предвидени 9.000,00 денари, но реализираните активности немаа финансиски импликации.

Изработил:
Елица Јовевска
Советник за планирање на ЛЕР

Совет на Општина Пехчево
Претседател
Миле Гошевски

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА • ОПШТИНА ПЕХЧЕВО • ПЕХЧЕВО

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА ПЕХЧЕВО
Бр 08-127/1
06.02. 2026 год
ПЕХЧЕВО

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 и член 62, став 1 од Законот за локална самоуправа (Сл. Весник на Р.М. бр. 5/2002 и Сл.Весник на РСМ бр.202/24) и член 12-е од Статутот на општина Пехчево (Сл.Гласник на општина Пехчево бр.03/2021), Советот на општина Пехчево на седницата одржана на ден 06.02.2026 година донесе:

**О Д Л У К А**
**за усвојување на извештај за реализираните активности од програмата за превенција за детско престапништво**

**Член 1**

Советот на општина Пехчево го усвојува извештајот за реализираните активности од програмата за превенција за детско престапништво за 2025 година.

**Член 2**

Извештајот за реализираните активности од програмата за превенција за детско престапништво за 2025 година, е составен дел од оваа Одлука.

**Член 3**

Одлуката влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во Службен Гласник на општина Пехчево.

Совет на општина Пехчево
Претседател
Миле Гошевски

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА ОПШТИНА ПЕХЧЕВО
ПЕХЧЕВО